Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден од дневни настани 31.08.2022

На 30.08.2022 во Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.К.(35) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени околу 500 грама марихуана и апарати за лабораторија за производство на марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.08.2022 околу 17.00 часот на улица „Фазанерија" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода гостиварите А.М.(18) и Ј.К.(30) затоа што при нивен преглед, а подоцна и при претрес во домот на Ј.К., извршен со судска наредба, биле пронајдени марихуана, дигитална вага и пет патрони за ловечка пушка. Двајцата се задржани во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 30.08.2022 во 17.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Б.(29) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.08.2022 полициски службеници од Полициската канцеларија Градско ги лишиле од слобода Х.Ф.(33) и Е.В (27), двајцата од Кавадарци. Тие се сомневаат дека ноќта помеѓу 29 и 30.08.2022 од дворот на Ѓ.М.(66) од Кавадарци го одзеле неговото патничко возило „фора" со кавадречки регистарски ознаки, во кое имало и риболовна опрема. Одземените предмети и возилото биле пронајдени и вратени на сопственикот. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.08.2022 во 19.50 часот во СВР Тетово било пријавено дека на крстосница од ул. „Јане Сандански" и ул.„Борис Кидрич" во Тетово, патничко моторно возило "фолксваген поло" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Р.Б.(31) од Тетово, удрило во пешакот В.П.(66) од Тетово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила В.П. констатиран во Клиничката болница во Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 30.08.2022 во 08.45 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Д.М.(33) од Штип, кој се сомнини дека ноќта помеѓу 27 и 28.08.2022 во Штип, со употреба на алат од продавен објект одзел повеќе предмети и на 28.08.2022 во периодот од 16 до 17 часот на ул.„Маршал Тито" во Штип од незаклучено возило „мерцедес", сопственост на П.М.(37) од Штип, одзел повеќе предмети. Исто така, на 08.08.2022 одзел предмет од продавен објект во Штип. Дел од предметите биле пронајдени и вратени на сопствениките, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 30.08.2022 во 14.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром" - Скопје, полициски службеници го привеле С.М.(28) од Штип затоа што при извршена пасошка контрола било констатирано дека евидирал во оперативна евиденција со мерка „апси" од Секторот за меѓународна полициска соработка - Одделение за потрари. Тој бил предаден на полициски службеници за спровод до Казнено-поправната установа Затвор Струмица.

Во текот на вчерашниот ден (30.08.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 235 возачи. Од нив 13 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 120 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 115 надвор од населено место.

На 30.08.2022 во 18.29 часот во СВР Битола било пријавено дека на регионалниот пат Битола-с.Драгош, битолско, кај крстосница за с.Грашница, битолско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу трактор „фергусон" без регистарски ознаки, управуван од С.Л.(63) од с.Грашница и моПед без регистарски ознаки, управуван од А.Р.(21) од с.Лажец, битолско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле мотоциклистот А.Р. и неговата сопатничка Е.Х.(20) од с.Солотско, ресенско, констатирани во Клиничка болница Битола. Увид извршила екипа на СВР Битола.

На 30.08.2022 во 18.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" во Скопје, патничко моторно возило „фолксваген" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Ѓ.(30) од Скопје, удрило во пешакот Т.Н.(55) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Т.Н. констатирана во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (30.08.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 132 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 14 санкции, осум мерки за возење без возачка дозвола, 25 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли. Изречени се девет мерки за користење мобилен телефон, четири санкции за нерегистрирани возила, четири мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 30.08.2022 во 21.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот - Северна обиколница на град Скопје, во близина на клучка Радишани, патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.С.(28) од Скопје, удрило во К.П.(68) од Скопје. Во несреќата, на местото починал пешакот, а смрт била констатирана од лекар од Ј.Н.Ѓ. медицинска помош. Со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатиран во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 30.08.2022 во 09.15 часот во СВР Скопје, Ѓ.Ј.(53) од Скопје пријавил дека на бул. „АВНОЈ" бил каснат од куче скитник.

Денеска (31.08.2022) околу 12.00 часот во с.Коваџец, гевгелиско, полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Југ го лишиле од слобода Џ.И. (42) од село Коваџец. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени осум стебла со висина од околу два метри и едно исушено стебло канабис сатива, три пушки, патрони, муниција, една мини импровизирана фабриторија и дигитална вага. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со Јавен обвинител против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (31.08.2022) во 00.25 часот, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин Табаноѓе го лишиле од слобода З.Т.(53) од Скопје. При пасошка контрола било констатирано дека евидира на стот листа од Регионалниот центар за гранични работи Југ, по што, со судска наредба, во содејство со царински службеници бил извршен преглед во возилото „мерцедес" со холандски национални ознаки, кое го управувал. Притоа, во возилото биле пронајдени и одземени 23 различни стари монети и 11.800 евра. Лицето било задржано во полициска станица и со него бил извршен службен разговор. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 30.08.2022, од страна на полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин Табаноѓе било констатирано непочитување на законите кај два автобуси кои вршеле меѓународен превоз на патници. При контрола на автобусите со струшки регистарски ознаки, управувани од Ц.П.(41) од с.Ложани, струшко и А.И.(33) од с.Франгово, струшко, било констатирано дека вршеле меѓународен превоз на патници без поседување на соодветна документација. Од страна на Државниот инспекторат за транспорт изречени се соодветни санкции за возачите и правните лица.

На пошироката тетовско подрачје денеска (31 август) во периодот од 8 до 12 часот беше спроведена акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници, со која вкупно биле опфатени 33 вакви возила.При контролата било утврдено дека 8 од нив имале неисправни сопирачки, претежно комбиња и такси возила, кои веднаш се исклучени од сообраќај и на кои им се изготвени законски предвидените поднесоци. Санкционирани, исто така, биле и 11 други видови сообраќајни прекршоци.

Денеска (31.08.2022) од 08.00 до 12.00 часот, на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Битола спроведена е акциска контрола со која биле опфатени вкупно 45 возила кои вршат јавен превоз на патници. При контролата биле откриени и адекватно санкционирани 7 прекршоци од кои 4 прекршоци за непоседување на лекарско уверение, 2 прекршоци за неисправен уред за запирање и 1 прекршок за неизвршен вонредно технички преглед. На прекршителите изготвени им се соодветни поднесоци, а 2 возила веднаш се исклучени од сообраќај. При контролата, исто така, откриени биле и 13 други видови прекршоци.

На 30.08.2022 во 15.00 часот на бул.„Климент Охридски" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода М.П.(43) од Скопје затоа што околу 14.40 часот на автобуска постојка на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" од М.Ѓ.(68) од Скопје одзел пари и личен предмет. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственичката. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.08.2022 во 22.00 часот на ул.„Скупи" во Скопје, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Карпош го лишиле од слобода А.Л.(22) од Скопје. Тој се сомнини дека на 24.08.2022 на место викано „Шајмак" под Зајчев рид со употреба на алат одзел предмет сопственост на Т.Т.(45) од Скопје. Одземениот предмет бил пронајден и вратен на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.08.2022 во 13.40 часот на бул.„Кочо Рацин" во Скопје, полициски службеници од Одделението за безбедност на сообраќајот на патиштата при СВР Скопје лишиле од слобода налопетник од Скопје. Тој бил затекнат како управува мотоцикл со скопски регистарски ознаки, кој околу 08.00 часот го одзел на подрачјето на Карпош. Мотоциклот бил вратен на оштетеност, а по целосно документирање на случајот против малопетникот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.08.2022 во 08.30 часот во Полициската станица Аеродром, Г.М.(45) од Скопје пријавил дека на 29.08.2022 околу 20.00 часот на автобуска станица во близина на Железничката станица Скопје, две лица (машко и женско) со закана со остар предмет му одзеле лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.08.2022 околу 11.00 часот во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека на ул.„Јане Сандански" во Свети Николе со тешки телесни повреди се здобил А.Ј.(29) од Свети Николе додека изведувал работни задачи за приватна фирма од Штип. Тој бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје за укажување лекарска помош, а увид на местото извршила екипа од Полициската станица Свети Николе. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.08.2022 во 03.50 часот на „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го привеле Д.Ш.(31) од Делчево затоа што се соблекувал и самозадоволувал во воздухопловот на „Wizz air", кој летал од Лондон до Скопје. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициското одделение Петровец и по целосно доукументирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.08.2022 во 16.50 часот во Полициско одделение Петровец, Н.М.(65) од с.Милладиновци, скопско, пријавила дека околу 16.45 часот во с.Милладиновци, по претходна расправија, била физички нападната од С.Р.(20) од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.08.2022 во 20.30 часот во Полициската станица Горче Петров, В.Т.(44) од Скопје пријавил дека околу 20.15 часот на подрачје на Горче Петров во Скопје бил физички нападнат од едно лице, кое било заедно со неговата поранешна сопруга. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.08.2022 во 21.20 часот во Полициската станица Делчево, М.К.(55) од с.Вирче, делчевско, пријавил дека околу 19.00 часот во селото бил каснат од куче сопственост на В.П.и З.П. од с.Вирче. М.К. бил пренесен во ЈЗУ „Гоце Делчев" во Делчево за укажување на лекарска помош. По целосно документирање на случајот ќе.биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (30.08.2022) во периодот од 09.00 до 14.00 часот спроведена е засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 130 возачи. Од нив, 93 возачи не користеле заштитна кацита за време на возење, 15 возеле без возачка дозвола, еден мотоцикл е одземен поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бука, а санкционирани се и други прекршоци.

Во текот на изминатата вечер (30/31.08.2022) во периодот од 22.00 до 02.00 часот Министерството за внатрешни работи со посебно опремен радар за снимање во ноќни услови, спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 108 возачи. Од нив, шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 78 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 30 надвор од населено место.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Куманово, во текот на вчерашниот ден на подрачјето на СВР Куманово спроведоа контрола за санкционирање на возачите што управуваат возила со поголема брзина од дозволената. Притоа, санкционирани се 65 возачи кои управувале со брзина поголема од дозволената. При контролата откриени се и законски санкционирани и 7 останати прекршоци.

Во текот на вчерашниот ден (30.08.2022) на територијата на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 42 возачи. Од нив 31 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 11 возачи надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 31.08.2022 околу 02.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" со повреда од дијабола бил донесен В.Р.(63) од Скопје. Според пријавеното, на 30.08.2022 околу 17.30 часот на работното место како обезбедување во приватна фирма на територија на н.Пинтија почувствувал болка во ногата, по што бил пренесен во болницата. Увид бил извршен и се работи на расчистување на случајот.

На 31.08.2022 во 03.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска облоѕвалница на ул.„Кемал Сејфула" две лица со закана кон вработениот одзеле пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.08.2022 околу 13.00 часот во Полициската станица Горче Петров, Ј.С.(46) од Скопје пријавила дека од дома се одделила нејзината ќерка А.М.К.(17) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ж.М.(63) од с.Лескоец, охридско и правно лице од с.Оровник, општина Дебрца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластувања". Ж.М., во својство на сопственик и управител во правното лице, покрај одобрената дрвна маса исечена и дрвна маса за која не добил дозвола од ЈП„Национални шуми"-ПШ „Галичица"-Охрид. Со вакво дејствие извршиле бесправна сеча на буковиот стебла од 31,4 кубни метри дрвна маса и 31,4 кубни метри техничко дрво и со тоа се стекнал со противправна имотна корист за себе и за правното лице во износ од 414.481 денари, утврдена од стручно лице при Државен инспекторат за шумарство и ловство, а на штета на ЈП „Национални шуми".

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет